**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-2282/53

Скопје, 19 мај 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВАДОК**

**од Нацрт – записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 мај 2020 година**

„ТОЧКА 2: Записник од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 мај 2020 година

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 мај 2020 година."

**ПРИЛОГ 1:-Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

-сите државни институции

-Заедницата на единиците на локалната самоуправа

-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија

-стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Љупчо Петковски

Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева

Согласен: Дејан Јакимовски

Одобрил: Митра Спасовска



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 18 мај 2020 година

Архивски број: 08-780/53

**ЗАПИСНИК**

**од Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 18 мај 2020 година**

На 18 мај 2020 година (понеделник), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Педесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеа раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:**

Прашања и предлози


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS